Црвен крст на Република Северна Македонија
Kryqi i Kuq i Republikës së Maqedonisë së Veriut



# БРОШУРА ЗА
# ВОЛОНТЕРИ И ЧЛЕНОВИ

# ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

***Почитувани,***

Добредојдовте во Црвениот крст на Република Северна Македонија. Оваа брошура има за цел во кратки црти да ви го претстави Црвениот крст на Република Северна Македонија, Меѓународното Движење на Црвен крст и Црвена полумесечина и програмите на нашето национално друштво.

Ни причинува посебно задоволство што сте со нас и сакате да дадете придонес во реализацијата на нашите хуманитарни активности во интерес на задоволување на приоритетните потреби на различните категории на корисници кои ги опслужуваме во Република Северна Македонија.

Можете да станете наш член, да волонтирате, да не поддржувате или да бидете донатор на активностите кои ги реализираме преку нашата мрежа на општински организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје ширум Република Северна Македонија.



## Сакате да волонтирате?

Волонтер на Црвен крст на РСМ е лице е лице кое извршува волонтерски активности за национално друштво, повремено или редовно. Волонтирањето во Црвениот крст е активност која е мотивирана од слободната желба на лицето за волонтирање, а не од желба за материјална или финансиска добивка или надворешен социјален, економски или политички притисок и е наменета во корист на ранливо население во заедниците согласно со Основните принципина Црвен крст и Црвена полумесечина.



## Сакате да бидете наш член?

Член на Црвен крст на РСМ е лице кое формално ги прифатило условите за членување согласно со одредбите на Статутот на Црвен крст на РСМ, и има право да биде бирано и да бира претставници во раководните тела на организацијата. Примарна мотивација на луѓето да членуваат во организацијата на Црвен крст е да дадат финансиска поддршка преку уплата на годишна членарина и истовремено да може да бидат дел од демократскиот процес на раководење со тоа што имаат право да бираат и да бидат бирани во раководните структури на Црвен крст на РСМ на локално и национално ниво а со тоа да дадат свој придонес во креирањето на политиката и раководењето на организацијата во интерес на целните групи и заедницата која ја претставуваат.



Волонтирањето ги подобрува вашите вештини и искуство, ја подобрува вашата можност за вработување и ви овозможува да останете активни и ангажирани во заедницата каде живеете. Исто така, волонтирањето претставува начин да и возвратите на заедницата и да им помогнете на луѓето на кои им е потребна поддршка.

# МЕЃУНАРОДНО ДВИЖЕЊЕ НА ЦРВЕН КРСТ И ЦРВЕНА ПОЛУМЕСЕЧИНА



Црвениот крст се родил на 24 јуни 1859 во срцето на швајцарскиот бизнисмен, Анри Динан (1828 – 1910), по една од најкрвавите битки на векот, битката кај Солферино. По битката на бојното поле каде имало 40.000 ранети и загинати.

Динан го мобилизира локалното население да им помогне на ранетите војници и тоа го инспирира подоцна да ја напише книгата „Сеќавања на Солферино", која носи две клучни пораки: во секоја земја да се формира друштво за давање помош составено од волонтери кои ќе се грижат за ранетите за време на војна и, да се промовира меѓународен договор кој би ги заштитил ранетите војници на бојното поле и оние кои се грижат за нив, обезбедувајќи им неутрален статус.

Тоа резултира со формирање на Меѓународниот Комитет на Црвен крст во 1863 година. Формирањето на Движењето е инспирирано со духот на солидарност, братство, сомилост и помош на жртвите на војните кои со векови беснееле и сè уште беснеат во тесните пространства на човековото битисување. Формирано е за да задржи елементарна рационалност во комплетното, безмилосното и уништувачкото лудило, какво што е секоја војна и секое посегање по оружјето како говор на темните страни на човековата личност.



Меѓународното Движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина има **100 милиони волонтери и членови** ширум светот. Движењењето има глобален карактер и ги опфаќа активностите на:

- **Меѓународен Комитет на Црвен крст,**
- **Меѓународна Федерација на друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина, и**
- **91 национално друштво, какво што е и Црвениот крст на Република Северна Македонија.**



## МЕЃУНАРОДЕН КОМИТЕТ НА ЦРВЕН КРСТ

Меѓународниот Комитет на Црвен крст (МКЦК) е непристрасна, неутрална и независна организација чијашто хуманитарна мисија е да го заштитува животот и достоинството на жртвите од војна и внатрешни насилства, како и да им обезбеди помош. Тој ги води и ги координира меѓународните активности за хуманитарна помош на Движењето при конфликтни ситуации. Тој исто така се стреми да ги спречи страдањата со промовирање и зајакнување на хуманитарното право и универзалните хуманитарни принципи. Формиран во 1863, МКЦК е основач на Меѓународното Движење на Црвен крст и Црвена Полумесечина.

МКЦК има мандат кој му е доверен од државите, а кој се базира на Женевските Конвенции и нивните дополнителни Протоколи. Преку својот мандат, многубројните договори со владите, неговата хуманитарна дипломатија, како и активностите за заштита и помош кои ги изведува на теренот, МКЦК при вооружени судири води грижа за: ранетите, болните борци, како и борците - бродоломници; лицата лишени од слобода (воени затвореници, притворени цивили), луѓето кои се принудени да се иселат во други делови на земјата (раселени лица) или во друга земја (бегалци) и ги помага цивилните лица. МКЦК ги советува државите околу примената на меѓународното хуманитарно право. МКЦК ги користи Пораките на Црвен крст за да ги обнови и одржи семејните врски со размена на вести помеѓу членовите на семејството. Тој ги презентира разните случаи пред властите во име на членовите на семејствата, трага по исчезнатите лица и во одредени случаи ги спојува со нивните семејства. МКЦК исто така ги регистрира воените затвореници, презема чекори за да се осигури истите да не исчезнат, работи на спречување на мачење и малтретирање на затворениците, на подобрување на затворските услови. Исто така МКЦК во воените зони обезбедува медицинска помош за лекување (прва помош, евакуација на ранети, воена хирургија, физичка рехабилитација), превентивна медицина (вакцинација, исхрана, здравствено образование, обезбедува вода и храна, облека, засолниште за цивилното население во подрачјата погодени од војна.

## МЕЃУНАРОДНА ФЕДЕРАЦИЈА НА ЦРВЕН КРСТ И ЦРВЕНА ПОЛУМЕСЕЧИНА

Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина е формирана во 1919 година од повеќе национални друштва и ги има следниве основни задачи:

Обезбедува помош на жртвите при катастрофи, обезбедува грижа за бегалци во други земји, обезбедува помош на националните друштва во исполнување на програмските активности во случај на катастрофа; врши координација на активностите помеѓу националните друштва. Исто така Межународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина, преку своите регионални делегации ширум светот обезбедува поддршка за националните друштва за надградба на своите човечки и материјални капацитети со цел да бидат подбро подготвени во реалзиирање на своите програмски активности и обезбедување на соодветен одговр при разни кризни состојби.

## НАЦИОНАЛНИ ДРУШТВА НА ЦРВЕН КРСТ И ЦРВЕНА ПОЛУМЕСЕЧИНА

Денес во светот постојат 191 меѓународно признати национални друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина, членки на Меѓународната Федерација на Друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина. Националните Друштва се основните единици на Движењето и претставуваат негова витална сила. Тие ги вршат своите хуманитарни активности во согласност со своите статути и националната легислатива, согласно мисијата на Движењето. Националните друштва ги потпомагаат државните органи во нивните хуманитарни задачи, согласно потребите на населението во нивните земји.

Во рамките на својата земја, националните друштва се автономни национални организации кои ја обезбедуваат неопходно потребната рамка за активности на своите членови/волонтери и сопствениот персонал.

Националните друштва соработуваат со државните органи во превенцијата на болести, подобрувањето на здравјето и ублажувањето на човечкото страдање преку сопствени програми на полето на образование, здравствена и социјална грижа, за доброто на заедницата. Националните друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина, во соработка со државните органи, организираат итни операции за обезбедување на хуманитарна помош, а даваат и други услуги за помагање на жртвите на вооружени судири, како што е предвидено со Женевските Конвенции, како и на жртвите од природни катастрофи и други вонредни ситуации, кога таквата помош им е потребна. Работат на дисеминација на меѓународното хуманитарно право, ги шират принципите и идеалите на Движењето и ја подигаат свеста за заштита на амблемите на Црвен крст и Црвена полумесечина. На меѓународен план, националните друштва, секое во рамките на своите можности обезбедуваат помош за жртвите на вооружените судири, и природни катастрофи и другите вонредни состојби. Таа помош, во форма на услуги и персонал, материјали, финансиска и морална поддршка, се дава преку националните друштва на кои истата се однесува, преку Меѓународниот Комитет на Црвен крст или преку Меѓународната Федерација.



Convention

pour l'amélioration du sort des Militaires blessés dans les armées en campagne.

La Confédération Suisse; Son Altesse Royale le Grand-Duc de Bade; Sa Majesté le Roi des Belges; Sa Majesté le Roi de Danemark; Sa Majesté la Reine d'Espagne; Sa Majesté l'Empereur des Français; Son Altesse Royale le Grand-Duc de Hesse; Sa Majesté le Roi d'Italie; Sa Majesté le Roi des Pays-Bas; Sa Majesté le Roi de Portugal et des Algarves; Sa Majesté le Roi de Prusse; Sa Majesté le Roi de Wurtemberg, également animés du désir d'adoucir, autant qu'il dépend d'eux, les maux inséparables de la guerre, de supprimer les rigueurs inutiles et d'améliorer le sort des militaires blessés sur les champs de bataille, ont résolu de conclure une Convention à cet effet et ont nommé pour leurs Plénipotentiaires, savoir:

La Confédération Suisse:

le Sieur Guillaume-Henri Dufour, Grand Officier de l'Ordre Impérial de la Légion

BUNDES-ARCHIV
I. 1777

## ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ НА МЕЃУНАРОДНОТО ДВИЖЕЊЕ НА ЦРВЕН КРСТ И ЦРВЕНА ПОЛУМЕСЕЧИНА

Основните принципи ги изразуваат суштинските вредности и практиките на Движењето на Црвен крст и Црвена полумесечина. Тие се водилка за акција и заеднички идентитет и цел на Движењето.Усвоени се во Виена во 1965 година. Седумте основни принципи обезбедуваат етичка, оперативна и институционална рамка за работата на Движењето на Црвен крст и Црвена полумесечина во целиот свет. Тие ја претставуваат суштината на работата на Движењето - да им се помогне на луѓето кои имаат потреба за време на вооружен судир, природни непогоди и други вонредни состојби.

### ХУМАНОСТ



Меѓународното движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина настана како резултат на желбата да им се помогне на ранетите на бојното поле и тоа без било каква пристрасност, како и да го спречи и олесни човековото страдање секогаш кога е тоа можно. Целта на движењето е да го заштити животот и здравјето и да го почитува човекот. Промовира заедничко разбирање, пријателство, соработка и траен мир меѓу сите луѓе.

### НЕПРИСТРАСНОСТ

Не прави дискриминација врз основа на национална, расна, верска и класна припадност или политичко убедување. Настојува да ги олесни страдањата на поединците, водејќи се исклучиво од нивните потреби но, давајќи приоритет на најитните случаи.



### НЕУТРАЛНОСТ



Со цел да се ужива довербата на сите , Движењето не смее да зазема страни при конфликти или да учествува во контроверзни ситуации од политичка, расна, верска или идеолошка природа.

## НЕЗАВИСНОСТ

Движењето е независно. Националните друштва иако делуваат како дополнение на хуманитарните служби на владите и се предмет на регулирање на националното законодавство, мораат да ја зачуваат автономноста за да можат да дејствуваат во секое време, согласно со принципите на Движењето.





## ДОБРОВОЛНА СЛУЖБА

Тоа е движење за давање на доброволна помош кое не е инспирирано од материјални побуди.

## ЕДИНСТВО

Во една држава може да има само едно национално друштво на Црвен крст или Црвена полумесечина. Мора да биде отворено за сите и да ја извршува својата хуманитарна работа на целата територија во земјата.





## УНИВЕРЗАЛНОСТ

Меѓународното Движење на Црвен крст и Црвена полумесечина, во кое сите друштва што го сочинуваат имаат еднаков статус, одговорности и должности взаемно да се помагаат, делува во целиот свет.

## КРАТКА ИСТОРИЈА НА ЦРВЕНИОТ КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



Хуманоста и хуманитарните активности се познати и егзистираат на овие простори повеќе од сто години. Низ годините Црвениот крст обезбедувал поддршка за време на балканските и двете светски војни. Граѓаните на Македонија несебично ја обезбедувале хуманитарната поддршка во текот на овие војни преку организациите на Црвен крст кои биле присутни на овој простор.

На територијата на Република Северна Македонија првите хуманитарни активности под знакот на Црвениот крст се забележани во почетокот на 20 век, но се во вид на локални иницијативи кои не биле структурирани или документирани. Особено за време на Втората светска војна кога се зголемил и интензитетот на активностите се појавила и идеја за формирање на организација на Црвениот крст. Президиумот на АСНОМ на 14.08.1944 година донесува Одлука да се започнат подготовки за формирање на Црвен крст на Македонија за што било задолжено Повереноството за социјална политика, народно здравје и исхрана. Со влегувањето на Демократска Република Македонија во составот на Демократска Федеративна Југославија, и Црвениот крст на Македонија влегол во рамките на Црвениот крст на Демократска Федеративна Југославија. На 17 Март 1945 година било одржано Основачко собрание на Црвениот крст на Демократска Република Македонија каде за прв претседател бил избран Александар Петровски, кој претходно бил претседател на Повереноството за социјална политика, народно здравје и исхрана.





Црвениот крст на Република Северна Македонија е посебно активен во пост военото опоравување на земјата и спроведување на здравствено превентивни и социјални програми за различни целни групи. Во периодот од 1946-1948 год.,

Црвениот крст на Република Македонија е активно вклучен и во обезбедување на поддршка и згрижување на децата бегалци од егејскиот дел на Македонија. Во наредните години се изведуваат собирни акции за помош, се организира доброволно дарување крв, се изведуваат здравствени и други хуманитарни акции, се вршат едукативни активности на населението. Посебен придонес со својата работа Црвениот крст дава при поплавите кои ја зафаќаат Македонија во 1962 година, а пред се по катастрофалниот земјотрес во 1963 година кога Црвениот крст на Република Македонија претставува мост на солидарност помеѓу светот и настраданото население во Македонија при што со своите волонтери и вработени ја координира и дистрибуира меѓународната помош за погоденото население и дава поддршка во функционирањето на теренските болници каде се присутни претставници на Црвен крст од повеќе земји.



По распаѓањето на Југославија од 1992 година Црвениот крст на Република Македонија дејствува како независно Национално друштво. Работата на Националното друштво е уредена со посебен Закон за Црвениот крст на Република Македонија. Организацијата ја сочинуваат 33 Општински организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје, 10.500 членови и 7.500 активни волонтери. Црвениот крст на Република Македонија е признат како Национално друштво на Црвен крст од

Меѓународниот Комитет на Црвен крст на 01.11.1995 год., додека на 27 ноември 1995 година станува полноправен член на Меѓународната Федерација на друштвата на Црвен крст и Црвена полумесечина.

Во деведесеттите години од минатиот век сведоци бевме на голема хуманитарна катастрофа како резултат на војната во поранешна Југославија. Во соработка со партнерите од Меѓународното Движење на Црвен крст и Црвена полумесечина се помага во намалување на страдањата на илјадниците бегалци и раселени лица од поранешните Југословенски републики кои побараа засолниште во Република Македонија. Врв на хуманитарните операции од тој период е обезбедувањето на поддршка за околу 400.000 бегалци од Косово во 1999 година. Црвениот крст на Република Македонија беше активен и за време на внатрешниот судир во државата во 2001 година, кога беше обезбедена поддршка за внатрешно раселените лица и преку активностите организацијата континуирано промовира толеранција и заеднички соживот во Република Македонија.



Во изминатата деценија организацијата дава посебен придонес и во обезбедување на хуманитарна поддршка за настрадано население во повеќе држави во светот. Тимови на Црвениот крст на Република, учествуваа во операциите за спасување на погоденото население од земјотресот во Турција во 1999 година. Обезбедени се неколку тимови за вода и финансиски средства за поддршка на населението погодено од цунамито во Индонезија, Малезија и Шри Ланка во 2005 година. Истата година дадена е поддршка со тимови за процена за погоденото население од поплавите во Романија и Бугарија. Националното друштво исто така спроведе голема кампања за поддршка на населението погодено од земјотресот во Јапонија во 2011 година. Во 2014 година Црвениот крст на Република Македонија ја координираше и хуманитарната кампања за помош на погоденото население од поплавите во Србија, Босна и Херцеговина и Хрватска. Во 2019 година обезбедена е поддршка и за населението зафатено во земјотресот во Албанија.

На 24 јули 2015 година од страна на претседателот Ѓорѓе Иванов на Црвениот крст на РСМ му беше доделено Признанието „Повелба на Република Македонија", по повод 70 години од формирањето, како организација која преку реализација на многубројни хуманитарни активности во различни сфери на делување, даде посебен придонес во обезбедување на помош и поддршка на ранливото население во државава и пошироко, а со тоа и афирмација и промовирање на Меѓународното хуманитарно право и хуманите вредности.

Во периодот од 2015 - 2016 Црвениот крст работеше на надминување на последиците од големите поплави кои ја зафатија државата во два наврата во Тетовско и Скопско како и централна Македонија. Во соработка со одговорните државни агенции и институции, Црвениот крст на Република Македонија беше лидер на хуманитарните напори за координирање на севкупната поддршка за обезбедување на меѓународна и локална помош за погоденото население.



Во периодот од 2014-2017 год., Националното друштво во соработка со локалните чинители во државата и меѓународни партнерски организации обезбедува хуманитарна поддршка за мигрантите кои транзитираат или престојуваат во Република Македонија. 850.000 мигранти поминаа низ државата, а речиси 50% од оваа целна група беа опфатени со поддршка на Црвениот крст преку обезбедување на прва помош, транспорт до болница, храна, облека и хигиенски производи и спојување на разделени семејства. Активностите за поддршка на мигрантите продолжуваат и во 2018 и 2019 година со асистирани околу 70.000 ирегуларни мигранти.

Согласно со Женевските Конвенции и Дополнителните Протоколи и Европските вредности кои ги негува организацијата на Црвениот крст на Република Македонија како помагател на властите во државата во мирновременски услови, организацијата посветува должно внимание на промовирање на

Меѓународното хуманитарно право, хуманите вредности и основните принципи на Движењето.



Среќни сме што и денес Црвениот крст е сеуште крстопат на младите и лицата од трето доба, каде волонтираат и наоѓаат можност да ја изразат својата хуманост и солидарност со населението кое има потреби од најразлична поддршка. Во секоја средина имаме клубови на млади и клубови на стари лица во кои тие спроведуваат најразлични хуманитарни иницијативи. Со нас се и децата, но и нивните родители. Заедно градиме подобро и поинклузивно општество во кое ќе може полесно да се справиме со предизвиците на модерното време. Волонтерството е важно средство за социјална вклученост и претставува важен пат кон градење на општествениот капитал во заедниците. Заради тоа постојано се трудиме да ги инспирираме луѓето за вредностите на волонтирањето и ангажманот во Црвениот крст.

Напорите на Црвениот крст на Република Северна Македонија во изминатите години, постојано да учи, да се надградува и усовршува, резултираа со највисокото признание на Меѓународната Федерација која спроведе евалуација и процена на работата на Црвениот крст на Република Северна Македонија за исполнување на стандарди и квалитет во работата и притоа го додели првиот сертификат за силно национално друштво на Црвениот крст на Република Северна Македонија во 2015 година. Ова докажува дека Црвениот крст преставува извор на национална гордост во сите локални заедници во Република Северна Македонија и дека организацијата ги негуваме основните Европски и светски вредности и принципи на хуманост, толерантност, соживот, непристрасност.

### МИСИЈА НА ЦРВЕНИОТ КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Црвен крст на Република Македонија е хуманитарна организација која работи на спречување и ублажување на човековото страдање, заштита на животот и здравјето, унапредување на социјалната состојба, обезбедувајќи почит и достоинство за човековото битие, а особено во случај на несреќи и катастрофи, го промовира Меѓународното хуманитарно право и хуманите вредности, поттикнува доброволно ангажирање и постојана подготвеност за давање помош, како и универзално чувство за солидарност и хуманост.

### ВИЗИЈА НА ЦРВЕНИОТ КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Дејствуваме, поттикнуваме и промовираме хумани вредности за навремено да одговориме на современите хуманитарни предизвици, а притоа решени сме да направиме повеќе, да го направиме тоа подобро и да стигнеме подалеку.

## ПОМОШНА УЛОГА И МАНДАТ НА ЦРВЕНИОТ КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ДРЖАВАТА

Функционирањето на Црвениот крст во државата се заснова на одредбите од Женевските Конвенции согласно со кои националното друштво врши помошна улога на властите во државата за време на војна но исто така и во мирновременски услови со цел да се воспостават потребните предуслови и за функционирањето на организацијата при итни околности. По Втората Светска Војна во поголемиот дел од светот преовладува долгорочен мир што овозможил националните друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина да посветат внимание и на други активности наменети за подобрување на животот на локалното население како на пример крводарителство, прва помош и повеќе здравствено превентивни активности, социјално хуманитарни активности за различни



категории на корисници, подготвеност и дејствување при катастрофи и многу други зависно од интересот на националното друштво или одредена општинска организација. Сите овие активности се од општествен карактер, наменети за добросостојба на заедницата и наложуваат партнерска соработка со цел да се излезе во пресрет на приоритетните потреби на населението. Партнерската соработка со институциите е од суштинско значење за успешно функционирање на Црвениот крст во државата имајќи предвид дека голем дел од активностите имаат допирни точки или постои потреба од нивно координирање со надлежните институции на национално и локално ниво.

Работата на Црвениот крст во Република Македонија е регулирана со Законот за Црвен крст и Статутот на Црвен крст на Република Северна Македонија. Согласно со законските одредби и Статутот на организацијата, Црвениот крст на Република Северна Македонија соработува со државните институции во повеќе области.




Претставници на Црвениот крст на Република Македонија се членови во главните штабови за кризен менаџмент во државата (Дирекција за заштита и спасување и Центарот за управување со кризи) одговорни за справување со различни кризни состојби. Учеството во овие штабови е на две нивоа. На национално ниво и на ниво на општински организации на Црвен крст каде претставниците на ООЦК се членови на штабовите подрачните единици на горенаведените институции.

За време на различни кризни состојби Црвениот крст на Република Северна Македонија заедно со институциите во рамки на системот за кризен менаџмент дава посебен придонес со материјални и човечки ресурси во надминување на последиците од овие кризни состојби.



Соработката со Министерството за Одбрана и Армијата на Република Македонија е на исклучително високо ниво и се рефлектира во активностите за обезбедување на поддршка на погодено население од кризни состојби како и при организацијата и спроведување на најразлични вежбовни активности наменети за ефективно обезбедување на заштита и помош при хуманитарни операции за надминување на последици од кризни состојби. Црвениот крст на Република Македонија обезбедува обуки за меѓународно хуманитарно право за офицерскиот состав на АРМ и учествува со свои човечки и технички ресурси во различни вежбовни активности организирани од АРМ.

Црвениот крст на Република Македонија остварува тесна соработка со Министерството за внатрешни работи.  Соработката посебно се реализира во однос на службата за барање и воспоставување на семејни врски, спроведување на обуки за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, безбедност на патишта и заеднички настапи во промовирање на првата помош за зачувување на безбедноста на граѓаните, обезбедување на обуки по прва помош за припадниците на МВР и одржување обуки по меѓународно хуманитарно право за припадниците на МВР.




Црвениот крст на Република Македонија соработува со министерството за труд и социјална политика, Заводот за социјални дејности како и социјални институции и установи на локално ниво кои водат грижа и обезбедуваат социјална заштита на граѓаните на Република Македонија,

поддршка на лица со посебни потреби, грижа за стари лица, грижа за деца без родители, бездомници, деца на улица, лица во социјален ризик, мигранти, баратели на азил, бегалци и др.



Црвениот крст на Република Северна Македонија спроведува заеднички активности со Министерството за здравство и здравствените институции во државата на национално и локално ниво. Посебно е успешна соработката на полето на крводарителство која се реализира во соработка со Институтот за Трансфузиона Медицина и Фондот за Здравствено Осигурување со цел да се обезбеди сигурна и безбедна крв за потребите на здравствените институции во државата. Соработката се реализира и на полето на унапредување на здравствена превенција и промоција за обезбедување на подобро здравје на населението со акцент на специфични целни групи. Црвениот крст дава посебен придонес во унапредување на првата помош во државата преку обезбедување на обуки за различни целни групи кои ги спроведува Црвениот крст на Република Македонија во соработка со Министерството за здравство.




Црвениот крст на Република Македонија остварува тесна соработка и со Министерството за локална самоуправа. Посебно треба да се истакне соработката на единиците на локалната самоуправа со општинските организации на Црвен крст, кои во одредени локални средини финансираат проектни инцијативи и имплементираат заеднички активности.

На иницијатива на Меѓународниот Комитет на Црвен крст во 2006 година формиран е Национален Комитет за меѓународно хуманитарно право.

Седиштето на Комитетот  е во просториите на Црвениот крст на Република Македонија. Во состав на Националниот комитет членуваат претставници од: Министерство за надворешни работи, Министерство за одбрана, Министерство за правда, Министерство за образование и наука, Министерство за култура, Министерство за здравство, Генералниот секретаријат на Владата на РМ, како и Црвениот крст на Република Македонија, Министерството за финансии, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за внатрешни работи. Националниот комитет разгледува прашања што се однесуваат на хармонизација на националното законодавство со меѓународното хуманитарно право, ефективна имплементација на МХП преку преземање и следење на практични мерки и активности, следење на развојот на МХП и негова дисеминација во различни сегменти на општествениот живот.

## СТРУКТУРНА ПОСТАВЕНОСТ НА ЦРВЕН КРСТ НА РСМ

Црвениот крст на РСМ дејствува на територијата на цела држава. Работата е организирана и координирана од централната канцеларија на националното друштво лоцирана во Скопје, и 33 општински организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје кој ја координира работата на петте општински организации на територијата на град Скопје.



**Црвениот крст на РСМ е организиран на:**

- » Државно ниво
- » Општинско ниво
- » На ниво на Град Скопје
- » Основно ниво

**Раководна структура на Црвениот крст на РСМ:**

- » Собрание
- » Претседател
- » Потпретседател
- » Раководен одбор
- » Финансиска комисија

Највисоко раководно тело на Црвениот крст на РСМ е Собранието на Црвениот крст на РСМ кое брои вкупно 58 члена. Собранието е составено од: избрани членови предложени од општинските организации на Црвениот крст и избрани членови предложени од Младите на Црвениот крст. Мандатот на членовите во Собранието е 4 (четири) години со можност за повторен избор.



Раководниот одбор на Собранието на Црвениот крст на РСМ е орган на Собранието кој раководи со националното друштво помеѓу седниците на Собранието. Бројот на членовите на Раководниот одбор на Црвен крст на РСМ е 13. Мандатот на членовите на Раководниот одбор трае 4 (четири) години со можност за повторен избор но не повеќе од два последователни мандати.

**Раководниот одбор формира постојани и / или времени советодавни тела.**

## Статутарни комисии:

» Комисија за организација, развој и човечки ресурси;
» Комисија за статут и нормативни акти;
» Комисија за спроведување на избори и верификација на изборен процес;
» Комисија за посредување и усогласеност.

## Постојани советодавни тела:

» Комисија за дисеминација и комуникација;
» Комисија за здравствено-превентивна дејност и крводарителство;
» Комисија за социјално-хуманитарна дејност;
» Комисија за подготвеност и дејствување при катастрофи;
» Комисија за прва помош;

За извршување на секојдневната оперативна работа функционира Стручна служба, која ги врши стручните, материјално-финансиските и административно-техничките работи. Со стручната служба раководи Генерален секретар.

Членовите на Црвениот крст на РСМ кои се млади лица дејствуваат и работат во клубовите на млади на Црвениот крст на РСМ.



Според податоците од **2019** година, Црвениот крст на РСМ има **16.369 регистрирани членови.** Во организација на годишно ниво придонес даваат околу 1**0.000 активни волонтери** ширум државата.

## ПРОГРАМИ НА ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

### Можности за волонтирање во Црвен крст на РСМ

Со задоволство Ви ги претставуваме програмите и проектите на националното друштво. За подетални информации посетете ја нашата интернет страна **www.redcross.org.mk** каде може да ја најдете Програмата за работа на Црвениот крст на РСМ за тековната година, и во неа се претставени подетални информации за активностите кои ги реализира нашето национално друштво.

Традиционалните програмски активности се имплементираат во целата држава во 33 општинските организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје. Дел од програмите и проектите се имплементираат само во некои општинските организации на Црвен крст/Црвен крст на град Скопје. Ве покануваме да ја контактирате општинската организација на Црвен крст каде живеете и да се информирате подетално дали активноста која е од ваш интерес се спроведува во вашата средина и на кој начин може да се вклучите како волонтер или поддржувач на нашите активности.



## МЕНАЏИРАЊЕ НА ВОЛОНТЕРИ



Во секоја од 33-те општински организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје постојат одговорни лица за координирање и организирање на работата на волонтерите на локално ниво. Работата на волонтерите е организирана согласно со интересот и компетенциите на волонтерите и програмските и проектните активности кои ги реализира секоја организација на Црвен крст на локално ниво. Пред ангажирањето на волонтерот во активности на Црвениот крст, поединецот поминува низ соодветна ориентациска обука при што се запознава со организацијата на Црвениот крст, задачите и активностите кои се имплементираат на национално и локално ниво. Волонтерот добива соодветна опрема и униформа со јасен опис на задолженија, времетраење на ангажман и се запознава со правата и обврки за време на волонтерскиот ангажман.



Волонтирањето е можност поединците да бидат дел од една поширока социјална групација во заедницата и да изградат нови пријателства, соработка и дружење.

За време на волонтерската работа поединецот има можност за личен развој и надградба, на професионален и личен план. Волонтерите имаат можности за учење и учество на специјализирани обуки во различни области организирани од Црвениот крст на локално, национално и меѓународно ниво.

Во продолжение ви претставуваме дел од активностите кои ги спроведуваме во Црвениот крст на Република Северна Македонија. Контакт информациите за нашите општински организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје во државата ви се достапни на последната страница од оваа брошура. Контактирајте не за да добиете повеќе информации за можностите за волонтирање кои ги нудиме.

## СОЦИЈАЛНО – ХУМАНИТАРНИ ПРОГРАМИ

Социјално- хуманитарните програми имаат за цел да придонесат во заштита на достоинството и намалување на ранливоста на лицата соочени со одредени социјални ризици. Програмите се наменети за обезбедување поддршка за различни целни групи, како што се постари граѓани, лица со попреченост, семејства во социјален ризик, ранливи заедници, млада популација, како и општата популација.



**Грижа и поддршка на старите лица.** Преку испорака на услуги од страна на волонтери на Црвен крст и медицински сестри ангажирани преку Црвениот крст за задоволување на приоритетни потреби на изнемоштени стари лица во домашни услови.

**Дневните центри и клубовите на стари лица.** Организирана форма за активно и здраво стареење, кои со поддршка на локалните владини институции и корпоративниот сектор се развиваат во националното друштво. Четирите дневни центри за стари лица функционираат преку Црвен крст на град Скопје и Општинската организација на Црвен крст Гази Баба, и четирите клуба на стари лица менаџирани преку општинските организации на Црвен крст Крива Паланка, Неготино, Прилеп и Велес.

**Негуватели на стари и немоќни лица.** Црвениот крст на РСМ е верификувана организација која спроведува програма за обуки за негуватели на стари и немоќни лица. Обуките за негуватели се организираат преку Црвениот крст на град Скопје и општинските организации на Црвен крст Прилеп, Охрид, Гостивар, Струга, Неготино, Струмица. Со оваа сертифицирана обука лицата се стекнуваат со знаења, вештини и компетенции за давање на основни здравствени и социјални услуги во домашни услови на





лица кои поради возраст, хронични болести и др. причини се во состојба на изнемоштеност и неможност да се грижат за себе.

**Сервиси за социјални и здравствени услуги на старите лица во домашни услови.** Преку Центарот Нега кој функционира преку Црвениот крст на град Скопје ангажирани се обучени негуватели за испорака на услуги за стари и немоќни лица во Скопје. Вакви сервиси ќе се отворат и преку 6 општински организации на Црвениот крст кои ќе спроведуваат верификувани програми за обука за негуватели.

**Одбележување на Меѓународен ден на стари лица и Недела на грижа за старите лица.** Активност за подигање на свеста на населението за остварување на правата на старите лица, како и потребната грижа и поддршка на старите лица. Организирање на едукативни активности на теми од интерес на старите лица, рекреативни и креативни активности, како и активности за поддршка на постарите граѓани во заедниците.

**Лична асистенција на лица со попреченост.** Црвениот крст обезбедува лична асистенција на лица со попреченост. Најчесто се работи за услуги во заедницата, во домот, на работното место и високо образовниот процес. Ваквиот начин на испорака на услугите придонесува до поголема социјализација и вклученост на лицата во заедницата низ различни активности – индивидуални и заеднички. Тие се организирани преку Црвениот крст на град Скопје и општинските организации на Црвен крст Битола, Струга, Струмица, Гостивар, Неготино и Куманово.



**Подобрување на социјализација на деца и млади со попреченост.** Активноста се имплементира во соработка со Заводот за социјални дејности и поддршка на донатори и партнери од корпоративниот сектор, преку Црвениот крст на град Скопје и општинските организации на Црвен крст Велес, Прилеп, Кавадарци, Делчево, Дебар, Кичево и Гостивар. Активностите се наменети за социјализација на деца и млади со попреченост од дневните центри, во кои се вклучени млади волонтери на Црвениот крст.

**Борба против трговија со луѓе.** Превентивни активности насочени кон подигање на свеста на младата популација за препознавање на начините преку кои младите можат да бидат вовлечени во трговијата со луѓе и нивна самозаштита. Едукација на млади волонтери за превенција од трговија со луѓе со кој ќе се едуцираат 30 млади волонтери на Црвениот крст Битола, Прилеп, Куманово, Кочани, Кичево и Ресен за одржување на работилници за врсничка едукација на млади за подигање на свеста за превенција од трговија со луѓе. Со превентивните лекции се опфаќаат ученици од основни и средни училишта.



**Хуманитарни акции, кампањи за поддршка на семејства во социјален ризик.** Активности за задоволување на одредени потреби на ранливи целни групи во заедниците. Организирање на 2 големи хуманитарни акции и кампањи во рамки на одбележување на Неделата на солидарност и Неделата на борба против гладта. Во акциите се обезбедува помош во храна, облека, средства за хигиена за помош на ранливи лица. Граѓаните и сите оние кои се заинтересирани во текот на целата година можат да дадат свои донации во 33 општински организации на Црвениот крст и Црвен крст на град Скопје, или да донираат средства во Фондот на солидарност или преку мобилните телефони објавени на интернет страната на Црвениот крст на РСМ.



## ПОДГОТВЕНОСТ И ОДГОВОР ПРИ КАТАСТРОФИ



Програмата за подготвеност и одговор при катастрофи реализира активности за подготвеност и делувањето при катастрофи, а со цел спасување на човечките животи, заштита и поддршка на населението. Активностите за подготвеност и одговор во случај на катастрофи имаат за цел да обезбедат одговор на различни вонредни состојби и катастрофи како студен бран, топлотен бран, шумски пожари, справување со последици од климатски промени и обезбедување на поддршка за мигранти во рамки на системот за управување со кризи и заштита и спасување. Националното друштво работи и на подигање на јавната свест за можните последици од катастрофите и подобрување на капацитетите на образовните институции за самозаштита и заштита од несреќи и катастрофи.



**Подигање на јавната свест во образовните институции за подготвеност и дејствување при катастрофи.** Едукативни кампањи, обуки и активности за намалување на ризици од катастрофи и за адаптација кон климатските промени како што се поплави, суши, студени и топлотни бранови и други катастрофи. Активностите се организираат во образовните институции.

**Безбедност на вода.** Неколку наши општински организации на Црвен крст (Битола, Охрид, Велес) и Црвен крст на град Скопје се активни на полето на безбедност на вода. Се организираат обуки и активности за оспособување спасители и инструктори за безбедност на вода кои се грижат за безбедноста на капалиштата ширум републиката.

**Безбедност на планина.** Неколку наши општински организации на Црвен крст (Битола, Охрид, Струмица) и Црвен крст на град Скопје се активни во сферата на организирање активности и обуки за безбедност на планина. Се обезбедува сигурноста на граѓаните на излетнички места и се укажува помош и евакуација на повредени луѓе на планина.



**Обуки на тимови за дејствување при катастрофи.** Оспособување на лица за работа во тимови за дејствување при катастрофи во општинските организации на Црвен крст за справување со различни предизвици, како што се  земјотреси, поплави, пожари, здравствени предизвици, работа со пречистителни станици за вода, вода и санитација, медицинска прва помош и логистика, градење на кампови за итни состојби, дистрибуција на храна и др.

**Поддршка за ирегуларни мигранти.** Во изминатите шест години Црвениот крст е активно вклучен во обезбедување поддршка на мигранти кои транзитираа низ државата и ирегуларните мигранти. Поддршката ја обезбедуваат специјализирани тимови на Црвен крст за обезбедување на медицинска прва помош, обезбедување на храна, облека и хигиенски средства, транспорт и логистика, спојување на семејства и др.



## ПРЕВЕНТИВНО ЗДРАВСТВЕНИ ПРОГРАМИ

Црвениот крст дава активен придонес за здраво и безбедно живеење. Се стремиме кон намалување на превентивните смртности и заболувања преку унапредување на пристапот до здравствени сервиси за најранливите групи на население, во партнерство со релевантните домашни здравствени институции и меѓународни организации како СЗО, УНФПА, УНИЦЕФ, УНДП, УНАИДС и други клучни партнери. Спроведуваме активности за здравствената процена во услови на итни состојби, обезбедување на основна здравствена грижа, јавно здравствена и епидемиолошка контрола, подигање на свест и превенција на заразни болести, психосоцијална поддршка и прва помош за да се осигури ефикасен одговор за редуцирање на смртните и негативни ефекти врз здравјето на луѓето во итни ситуации и кризи.



**Активности за превенција на Туберкулозата и ХИВ СИДА.** Различни активности за борба против стигмата и дискриминацијата, достап до сервиси, теренски активности и ефикасни пристапи за достигнување и инволвирање на клучните популации, адвокативност и лобирање.

**Прва помош.** Едукацијата по прва помош е од исклучително значење за укажување на прва помош заснована на најнови, научно засновани препораки и практики и во согласност со меѓународните стандарди. Во секоја општинска организација се организираат обуки по прва помош за младите во основните и средните училишта како и општински натпревари по прва помош и државен натпревар по прва помош. Оспособените лица за укажување прва помош организирани во тимови учествуваат во обезбедување на безбедноста на различни настани организирани на локално ниво.



**Крводарителство.** Крводарителството ги развива особините на хуманост и солидарност и има воспитно значење кај граѓаните, а особено кај младите, придонесува за подигнување на нивото на здравствената култура и јавната свест. Мотивирањето на населението за доброволно дарување на крв е исклучително важно за градење на позитивен однос кон крводарувањето. ). Секоја општинска организација на Црвен крст организира активности за промоција на крводарителството на локално ниво со различни целни групи.



**Клубови на крводарители и Клубови 25.** Црвениот крст на Република Северна Македонија големо внимание посветува на волонтерската работа на Клубовите на крводарители со цел да се мобилизираат поголем број на крводарители кои редовно се информираат за сите активности и проблеми со кои се соочуваат во дејноста крводарителство. Популарни се активностите на Клубовите 25 на млади и потенцијални крводарители со цел да се зголеми нивниот број, правилно да се регрутираат и задржат во процесот на крводарителството и да се изгради мрежа на млади крводарители за вршење на промоција и мотивирање на нови крводарители во образовните институции (во средните училишта и на факултетите.



# МЛАДИ НА ЦРВЕНИОТ КРСТ

Имплементацијата на хуманитарните активности на орга¬низацијата на Црвениот крст во голем дел се одвива преку мрежата на клубови на млади на националното друштво каде волонтери на возраст до 30 години се организираат за пла¬нирање, имплементација и евалуација на активностите кои ги спроведуваат. Клубовите на млади преставуваат и форма преку која младите развиваат програми и политики во Црвениот крст, учествуваат во процесите на носење на одлуки во организацијата, и ги развиваат сопствените капацитети, социјални вештини и се стекнуваат со одредени професио¬нални искуства.

**Училишни клубови на Црвениот крст.** Клубовите во основните и средните училишта во координација со општинската организација спро¬ведуваат активности за поддршка на разни цел¬ни групи. Младите се организираат поблиску до своите домови преку унифицирана програ¬ма која е во согласност со наставната програма на училиштето за целата учебна година. Коорди¬нирани се од одговорен волонтер на Црвен крст и задолжен наставник од училиштето.

**Врснички едукации на млади.** Пристапот врсник на врсник е интегрален дел на повеќе програмски активности на Црвениот крст на РСМ. Едукацијата на млади и подигањето на свеста за превенција на нивното здравје и добросостојба се едни од основните активности на клубовите на млади на Црвен крст. Со примена на креативни техники и интерактивни методи, обучени волонтери организираат работилници и друг вид на ак¬тивности преку кои се пренесуваат информации на најприфатлив начин за целната група.



**Зајакнување на капацитетите на младите волонтери.** Активностите се спроведуваат преку организирање на општински и национален летен камп, академија за млади и други видови на форми за обука и размена на искуства.

# ДИСЕМИНАЦИЈА

Програмата за дисеминација е една од најважните средства за промовирање на работата на Црвениот крст. Таа претставува основна нишка за споделување информации за Црвениот крст, за историјата и значењето на нашето Движење, за нашите седум основни принципи, за амблемите на Црвен крст и Црвена полумесечина, за помошната улога на Црвениот крст во државата, за промовирање на меѓународното хуманитарно право, за поттикнување на хуманитарното образование како пристап на Движењето, за мобилизирање на нови волонтери и  членови и поддржувачи на организацијата,за подигнување на јавната свест за значењето и улогата на Црвениот крст во државата и потребата од заштитата на амблемот и персоналот на Црвениот крст во извршување на својот мандат и задачи согласно со Женевските Конвенции и Дополнителни Протоколи и Законот за Црвен крст на РСМ.

**Дисеминациски обуки.** Црвениот крст на национално и локално ниво има оспособени дисеминатори во сите општински организации на Црвен крст кои во текот на годината вршат едукација и шират знаења за различни целни групи во локалните средини. Дисеминациските обуки се наменети за младите во основните, средните училишта и факултетите. Се прават дисеминациски предавања и се споделува дисеминациски материјал за работата и задачите на Црвен крст за различни институции и целни групи ширум државата.



## ЦРВЕН КРСТ ВО АКЦИЈА-ПРОМОЦИЈА НА ХУМАНИ ВРЕДНОСТИ (ЦКА-ПХВ)

“Црвен крст во акција-Промоција на хумани вредности” (ЦКА-ПХВ) повеќе од 20 години е национална алатка за привлекување и задржување на волонтери во редовите на Црвениот крст. ЦКА-ПХВ програмата има за цел да промовира култура на дијалог, мир, толеранција, соживот, ублажување на страдања на ранливото население, промовирање на активно знаење и активен пристап на младите лица кон животот, преку вредностите и принципите на Црвениот крст. Младите подготвуваат и имплементираат мали прокети за добробит на заедницата во којашто живеат, со што директно помагаат секоја година околу 2.500 до 3.000 лица од различни ранливи групи во РСМ.



## ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## КОНТАКТ ПОДАТОЦИ НА ОПШТИНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ И ЦКГ СКОПЈЕ

| ОПШТИНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА | Тел. | e-mail |
|---|---|---|
| БЕРОВО | 033 471-109 | berovo@redcross.org.mk |
| БИТОЛА | 047 236-019 | bitola@redcross.org.mk |
| ВАЛАНДОВО | 034 381-292 | valandovo@redcross.org.mk |
| ВЕЛЕС | 043 231-537 | veles@redcross.org.mk |
| ВИНИЦА | 033 363-305 | vinica@redcross.org.mk |
| ГЕВГЕЛИЈА | 034 527-397 | gevgelija@redcross.org.mk |
| ГОСТИВАР | 042 216-488 | gostivar@redcross.org.mk |
| Д.ХИСАР | 047 276-861 | demirhisar@redcross.org.mk |
| ДЕБАР | 046 831-074 | debar@redcross.org.mk |
| ДЕЛЧЕВО | 033 412-010 | delcevo@redcross.org.mk |
| КАВАДАРЦИ | 043 412-936 | kavadarci@redcross.org.mk |
| КИЧЕВО | 045 225-324 | kicevo@redcross.org.mk |
| КОЧАНИ | 033 271-015 | kocani@redcross.org.mk |
| К.ПАЛАНКА | 031 375-131 | krivapalanka@redcorss.org.mk |
| КРУШЕВО | 048 477-556 | krusevo@redcross.org.mk |
| КУМАНОВО | 031 424-179 | kumanovo@redcross.org.mk |
| НЕГОТИНО | 043 361-657 | negotino@redcross.org.mk |
| ОХРИД | 046 262-706 | ohrid@redcross.org.mk |
| ПРИЛЕП | 48 424-710 | prilep@redcross.org.mk |
| ПРОБИШТИП | 032 482-686 | probistip@redcross.org.mk |
| РАДОВИШ | 032 635-571 | radovis@redcross.org.mk |
| РЕСЕН | 047 452-575 | resen@redcross.org.mk |
| СВ.НИКОЛЕ | 032 443-171 | svetinikole@redcross.org.mk |
| СТРУГА | 046 786-014 | struga@redcross@org.mk |
| СТРУМИЦА | 034 325-601 | strumica@redcross.org.mk |
| ТЕТОВО | 044 336-374 | tetovo@redcross.org.mk |
| ШТИП | 032 391-266 | stip@redcross.org.mk |
| СКОПЈЕ | 02 3139-578 | skopje@redcross.org.mk |
| ЦЕНТАР | 02 3115-029 | centar@redcross.org.mk |
| ГАЗИ БАБА | 02 2529-153 | gazibaba@redcross.org.mk |
| КАРПОШ | 02 3068-806 | karpos@redcorss.org.mk |
| К.ВОДА | 02 3211-417 | kiselavoda@redcross.org.mk |
| ЧАИР | 02 2621-924 | cair@redcross.org.mk |

www.redcross.org.mk